АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06.02.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 941 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво - Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ, Скопје.

3. **Период опфатен со надзорот:** 3, 4 и 5 февруари 2015 година.

4. **Датум на извршување на надзорот:** 6 февруари 2015 година.

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица** (правила за заштита на малолетните лица од програми што можат да им наштетат во нивниот физички, психички или морален развој);

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 23 јануари 2015 година, за непочитување на членот 50 став 3 од Законот, и на членот 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, констатирано со контролниот надзор на програмскиот сервис емитуван во периодот од 16 до 19 јануари 2015 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-256, 23.01.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво – Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот надзор врз програмскиот сервис емитуван на 3, 4 и 5 февруари 2015 година, на Трговско радиодифузно друштво - Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје,

констатирано е дека радиодифузерот не ја отстранил извршената повреда на Законот.

Имено, играниот серијал „Сила", што во работните денови од неделата се емитува и премиерно и репризно, а во денот – недела, само репризно, и понатаму несоодветно е категоризиран како програма од Прва категорија – наменета за целата публика и се емитува во несоодветен временски период од денонокието. Според критериумите за категоризација на програмите од Правилникот за заштита на малолетните лица, серијалот „Сила" треба да се категоризира како програма од Трета категорија, да се означи со предупредувачка сигнализација 12+, односно како - програма што не се препорачува за деца под 12 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател, и да се емитува во периодот од 20:00 до 05:00 часот.

Во табелата е претставено времето на емитување на премиерните и репризните изданија на серијалот во работните денови 3, 4 и 5 февруари 2015 година.

| **Наслов на емисија** | | **Период на емитување** | |
|---|---|---|---|
| ***Играна програма - серијал*** | | **Почеток** | **Крај** |
| *Серијал - „Сила"* | *Реприза (од 2 февруари, понеделник) емитувана на 3 февруари, вторник* | 15:19:30 | 17:02:25 |
| | *Премиера од 3 февруари,* | 19:57:07 | 21:09:49 |
| *Серијал - „Сила"* | *Реприза (од 3 февруари) емитувана на 4 февруари, среда* | 15:14:20 | 16:41:52 |
| | *Премиера од 4 февруари* | 19:54:45 | 21:16:55 |
| *Серијал - „Сила"* | *Реприза (од 4 февруари) емитувана на 5 февруари, четврток* | 15:16:28 | 16:55:55 |
| | *Премиера од 5 февруари* | 19:56:09 | 20:54:59 |

## 8. Опис на прекршувањето:

Со контролниот надзор врз програмскиот сервис емитуван на 3, 4 и 5 февруари 2015 година, на Трговско радиодифузно друштво – Телевизија СИТЕЛ, ДООЕЛ Скопје, утврдено е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), **не постапил по решението**, односно не ја отстранил извршената повреда на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

## 9. Предлог мерка:

И покрај решението за опомена донесено на 23 јануари 2015 година, Трговското радиодифузно друштво – Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје продолжува со вршење на истата повреда на Законот и на Правилникот за која е опоменет, во текот на годината.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка

***Сектор за програмски работи***